# З А П И С Н И К
од Дваесет и петтата седница на Владата на Република Македонија,
одржана на 29.8.2017 година

Скопје, август 2017 година

Седницата започна во 12:55 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата Зоран Заев и заменикот на претседателот на Владата и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата Билен Саљиџи, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Власте Димковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Мухамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Дејан Арсовски, директор на ЈПВ Лисиче - Велес (вкв), претставник од АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Македонија“ (вкв), претставник од Советот за јавни набавки, Драган Антовски,

директор на АД МИА- Скопје (вкв), Дарко Каевски, директор на Агенцијата за млади и спорт, Добре Ефремов, член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Стојан Славески, директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, Хазби Лика, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем и членовите на Владата на Република Македонија Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 23-та седница на Владата, одржана на 15.8.2017 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО
- Информација за рестартирање на процесот за изработка на Стратегиски одбранбен преглед 2018 година

## А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) Гости**

1. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници-Скопје, со Предлог-одлука

2. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес, за периодот јануари - март 2017 година

3. Полугодишен извештај за реализацијата на кредитната линија за микро, мали и средни претпријатија со дејност од областа на земјоделство (кредити од компензациони фондови)

4. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), структурата по банки учеснички, како и состојбата на салдото, со предлог за промена на условите кај Посебниот кредитен фонд

5. Годишна сметка на АД Аеродроми на Македонија за 2016 година, Годишниот извештај за работење на АД Аеродроми на Македонија за 2016 година и Извештај за резултатите од контрола на Надзорниот одбор над управувањето на АД Аеродроми на Македонија за 2016 година, со предлог-одлуки

6. Извештај за финансиското работење на АД „Македонска информативна агенција" - Скопје во државна сопственост за периодот од 1.10 до 31.12.2016 година, со Дополнување

7. Извештај за финансиското работење на АД „Македонска информативна агенција" - Скопје во државна сопственост, за периодот 1.1. - 31.3.2017 година

8. Извештај за работењето на АД „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост за 2016 година, Годишен финансиски извештај за 2016 година, Годишна сметка за 2016 година на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, Извештај за резултатите од извршената контрола над управувањето со АД „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, во текот на 2016 година, финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2016 и Извештај на независниот ревизор, со Предлог-одлуки

9. Извештај за работењето на Советот за јавни набавки, за период 1.7.2016-31.12.2016 година

10. Годишна сметка, финансиски извештаи и консолидираните финансиски извештаи, со Извештај на независниот ревизор, Годишен извештај за работењето за периодот од 1.1.2016 до 31.12.2016 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост, Државна лотарија на Македонија и Ревизорски извештај, со предлог-одлуки

11. Извештај за извршен инспекциски надзор над спроведување на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање концесија на риби за

организирање на рекреативен и стопански риболов за период јануари - јуни 2017 година

12. Годишен извештај за работа на Бирото за судски вештачења во 2016 година

13. Информација за потребата од користење на СЦ „Борис Трајковски“ за организација на Европското првенство во кик бокс за кадети и јуниори, што треба да се одржи од 2 до 10 септември 2017 година во Скопје и барање определени фискални олеснувања за негово користење

14. Информација за потребата од користење на Спортски центар „Борис Трајковски“ за организација на Европското првенство во кошарка за кадетки до 16 години, што ќе се одржи од 17 до 26 август 2017 година во Скопје - Република Македонија и барање определени фискални олеснувања за негово користење

15. Информација за Предлог-статутарна одлука за дополнување на Статутот на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија

16. Известување со предлог за начинот на декласификација на информациите и договорите за доделување на државна помош, склучени помеѓу Владата на Република Македонија и компаниите/странски инвеститори во Република Македонија

**б) економски систем и тековна економска политика**

17. Информација со Предлог-решение за формирање на Комисија за менаџмент со компензационите фондови

18. Информација за назначување на Надлежен координатор за акредитација во системот на децентрализирано управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за програмскиот период 2007-2013 од Европската Унија за Република Македонија, со Предлог-решение

19. Информација за престанување на важење на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела П.1.1 со намена хотелски комплекс Б5 КО Пороj-вон г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиски инфраструктурен објект 20 kV приклучен вод со траса од постоен далекувод - рудник „Сивец“ до новопланирана ТС 20/10/0,4kV КО Присад, Општина Прилеп, со Предлог- одлука

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за доградба на водоводна линија за водоснабдување на с. Саждево од постоечка приклучна шахта до постоечка линиска шахта бр.1 КО Борино и КО Јакреново, Општина Крушево, со Предлог-одлука

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за МХЕЦ Тополка со реф.бр.317 и придружни објекти КО Дреново, Општина Чашка, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на пристапен пат и телекомуникациски столб Тиквеш КО Брушани, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на надземен 10(20)kV приклучен вод и бетонска столбна трафостаница БСТС 10(20)/0.4kV; 100kVA Петралица-Школо КО Петралица, Општина Ранковце, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструкура за изградба на нов надземен 10(20) kV вод и нова БСТС 10(20)/0.4 kV КО Градец, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за 10 (20) KV кабелски приклучен вод за напојување на МХЕ 115 Бањани КО Бањани, Општина Чучер-Сандево, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструкура за изградба на

линиски 10(20)КВ електричен вод за МХЕЦ Станечка Река 2 КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба на нов 10(20)kV кабелски вод од ТС Скочивир 10/0,4kV/kV до ТС Букри 35/10kV/kV КО Брод, Општина Новаци, со Предлог-одлука

29. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Аурора Ресорт и Спа - Берово, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителските објекти

30. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Попова Шапка - Тетово, со Предлог-решение

31. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Агрополог - Желино, Тетово, со Предлог-решение

32. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Концепт Хотел Централ - Скопје, со Предлог-решение

33. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Де Кока - Скопје, со Предлог-решение

34. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од Хотел Сити 5 - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

35. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесени од Хотел ТТЦ Гранд Плаза - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

36. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Оранге Инн - Скопје, со Предлог-решение

37. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Свети Наум - Охрид, со Предлог-решение

**в) политички систем**

38. Предлог-програма за работа на Владата на Република Македонија за 2017 година (јуни - декември)

39. Информација за учеството на Република Македонија во Заедничката надворешна, безбедносна и одбранбена политика на Европската Унија, во периодот 1 јануари - 30 јуни 2017 година, со Преглед на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур, кон кои Република Македонија, на покана на Европската Унија или унилатерално, се има придружено (прилог 1 до прилог 5)

40. Информација за продолжување на мандатот на г-ѓа Зеррин Абаз за Генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во Република Турција, со седиште во Истанбул, со Предлог-одлука

41. Информација за правосилност на една пресуда на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Карајанов Република Македонија, со Предлог-одлука

42. Информација за одржувањето на тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија, кој се одржа на 6 февруари 2017 година

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

43. Информација со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Универзитетот за информатички

науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ - Скопје, во учебната 2017/2018 година

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

44. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за трговија и услуги „БАНАНА КИЦК“ ДОО експорт-импорт Тетово за деловната просторија на ул. „180“ Кула 12/1/-7 во Тетово

45. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Астра Електроник Компани“ ДОО Скопје, во деловната просторија која се наоѓа во Населено место без уличен систем бр.место - викано Милци Богородица-Гевгелија

46. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „СЕНАТОР МАКЕДОНИЈА“ ДОО Скопје, за деловната просторија на Бул.„Јане Сандански“ бр.79а -лок.4/5 во Скопје

47. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок на локалитетот „с.Моране“, Општина Петровец
48. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - керамичка глина на локалитетот „с. Уларци“, Општина Чешиново - Облешево

49. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Бегојца“ с. Стенче, Општина Брвеница

50. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за градежништво, трговија и услуги Козјак АД Куманово на локалитетот „Краста“, Општина Куманово

51. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - кварцен чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги СТЕНТОН увоз-извоз с.Д.Оризари Битола ДОО на локалитетот „с.Брод“, Општина Новаци

52. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - дијабаз на Друштвото за производство, трговија и услуги ИНВИКТА ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Лира“ во атарот на с.Негорци, Општина Гевгелија

53. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - доломит на Друштвото за производство, градежништво, промет и услуги БЕРОВИЌ БЕТОН ДОО увоз-извоз с.Батинци на локалитетот „Маркова Сушица“, Општина Сопиште

54. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Видовиште-Припечани“, Општина Зрновци и Општина Чешиново-Облешево на Друштвото за производство, промет и услуги МЕХАНИЗАЦИЈА ДОО увоз-извоз с.Зрновци, Зрновци

55. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - минерална вода на Друштвото за услуги, трговија и производство ВИЗИАНА ДООЕЛ, увоз - извоз с.Клечовце, Куманово на локалитетот „Црквиште-Клинчевица“ кај с.Клечовце, Општина Куманово

56. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - мермер на Друштвото за градежништво и трговија ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО Кавадарци на локалитетот „Јаребички камен“, Општина Кавадарци

**б) политички систем**

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државната изборна комисија

**в) човечки ресурски и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

58. Граѓанска иницијатива за донесување на закон за изменување на Законот за работните односи, заедно со Предлогот на закон, на двеста четириесет и два граѓани, доставена преку овластен предлагач Снежана Кузмановска

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

59. Решение на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.83/2016 донесено на седницата одржана на 7 јуни 2017 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 102 став 1 алинеја 12 во делот „и 4“, член 103 став 1 алинеја 3 во делот „став 5“ и член 107 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2009, 24/2011, 53/2011, 25/2013, 79/2013, 147/2013, 43/2014, 160/2014, 33/2015, 44/2015, 147/2015 и 7/2016)

60. Иницијатива од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У. бр. 65/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на дел од одредба од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/2011, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 156/2015, 193/2015, 193/2015 и 53/2016)

61. Иницијатива од адвокат Никола Источки од Ресен, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У. бр. 57/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 став 2 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2011, 148/2013, 41/2014, 130/2014 и 53/2016)

62. Иницијатива од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.56/2017 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 79-а од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015 и 30/2016)

**д) други предлози**

63. Кадровски прашања

64. Прашања и предлози

В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

65. Информација во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите „Александар Велики“ - Скопје и „Св. Апостол Павле“ - Охрид, заклучно со јуни 2017 година на ТАВ Македонија

66. Информација во врска со постапката за продолжување на периодот на важност на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Чардаковец“, Општина Ѓорче Петров и Општина Чучер Сандево, на Друштвото за градежништво, транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје, со Предлог-одлука

Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

67. Предлог-закон за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, по скратена постапка

68. Информација за потреба од стандардизирана електронска идентификација

69. Анализа на структурата на портфолиото на јавниот долг и каматните трошоци кои се плаќаат во Република Македонија

70. Информација во врска со донесување на програма за изменување на Програмата за развој на туризмот за 2017 година, со Предлог-програма

71. Информација во врска со донесување на Програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, со Предлог-програма

72. Барање на Алекс Симовски, за прием во државјанство, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

73. Информација за постапката за утврдување предлог за доделување титула национален уметник на Република Македонија за 2017 година

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 23-та седница на Владата, одржана на 15.8.2017 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

**- Статус на реализација на приоритетите на РМ за влез во НАТО**

**- Информација за рестартирање на процесот за изработка на Стратегиски одбранбен преглед 2018 година**

Владата ја разгледа Информацијата за рестартирање на процесот за изработка на Стратегиски одбранбен преглед 2018 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да го изработи предлог - стратегискиот одбранбен преглед до јуни 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана веднаш да ја формира Главната координативна група и експертските работни групи за изработка на предлог - стратегискиот одбранбен преглед 2018.

3. Формира меѓуминистерска група која ќе го надгледува процесот на изработка на предлог - стратегискиот одбранбен преглед 2018. Со групата да претседава заменикот на претседателот на Владата и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, а во неа да членуваат министерот за надворешни работи, министерот за внатрешни работи, министерот за финансии и министерот за правда.

4. Се задолжува Министерството за одбрана да продолжи со изработка на предлог - стратегија за одбрана, по претходна проценка на квалитетот на изработениот нацрт.

5. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за разузнавање, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, да ги потврдат или да номинираат нови претставници кои ќе бидат вклучени во изработката на предлог - стратегискиот одбранбен преглед 2018 и Стратегијата за одбрана и номинациите да ги достават до Министерството за одбрана, најдоцна до 15.9.2017 година.

6. Се задолжува Министерството за одбрана да ја обнови воспоставената соработка за обезбедување на експертска помош во изработката на предлог - стратегискиот одбранбен преглед 2018 со Канцеларијата на НАТО во Македонија, Канцеларијата за одбранбена соработка при Амбасадата на САД во Скопје и стручниот консултантски тим за изградба на одбранбени институции (DIB - Defense Institution Building Team), како и понудените експертски тимови од Обединетото Кралство.

7. Се задолжува Министерството за одбрана, најдоцна до 15.12.2017 година да ја информира Владата за напредокот на спроведување на процесот.

*

*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес, за периодот јануари - март 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 3**

Владата го разгледа Полугодишен извештај за реализацијата на кредитната линија за микро, мали и средни претпријатија со дејност од областа на земјоделство (кредити од компензациони фондови), како материјал за информирање.

**Точка 4**

Владата го разгледа новиот текст на Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), структурата по банки учеснички, како и состојбата на салдото, со предлог за промена на условите кај Посебниот кредитен фонд го усвои и го определи д-р Ванчо Узунов, советник за економски прашања на претседателот на Владата на Република Македонија, како свој преставник кој со Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје (МБПР) ќе потпише Анекс кон Договорот за администрирање на Посебен кредитен фонд бр.51-422/1 од 21.1.2011 година, склучен меѓу Владата на Република Македонија и Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје (МБПР), со кој ќе се намали каматната стапка за банките учеснички од 3% фиксно годишно на 2% фиксно годишно и соодветно на тоа ќе се намали каматната стапка за крајните корисници од „до 8%“ на „до 5%“, ќе се зголеми максималниот рок на отплата на кредитите од 8 на 10 години

и ќе се овозможи пласирање на кредити со намена и само за обртни средства со рок на отплата до 3 години со вклучен грејс до 6 месеци.

**Точка 5**

Владата по Годишната сметка на АД Аеродроми на Македонија за 2016 година, Годишниот извештај за работење на АД Аеродроми на Македонија за 2016 година и Извештајот за резултатите од контрола на Надзорниот одбор над управувањето на АД Аеродроми на Македонија за 2016 година, го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА", во државна сопственост - Скопје за 2016 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на АД „Македонска информативна агенција"- Скопје во државна сопственост за периодот од 1.10 до 31.12.2016 година, со Дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 7**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на АД „Македонска информативна агенција" - Скопје во државна сопственост, за периодот 1.1.-31.3.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 8**

Владата ги разгледа Извештајот за работењето на АД „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост за 2016 година, Годишниот финансиски извештај за 2016 година, Годишната сметка за 2016 година на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, Извештајот за резултатите од извршената контрола над управувањето со АД „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, во текот на 2016 година, Финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2016 и Извештајот на независниот ревизор, со Предлог-одлуки и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција"- Скопје, во државна сопственост во 2016 година, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка за 2016 година на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција"- Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за одобрување на Финансискиот извештај за 2016 година на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за распределба на добивката од деловната 2016 година на Акционерско друштво „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

5. Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, за 2016 година (Сашо Стефановски - претседател на Надзорниот одбор).

6. Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, за 2016 година (Горан Лазов-член).

7. Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, за 2016 година (Жарко Милошевски-член).

8. Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, за 2016 година (Слаѓана Андреевска-Здравковска-член).

9. Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, за 2016 година (Хамит Хајрулаи-член).

10. Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција" - Скопје во државна сопственост, за 2016 година (Љупчо Јакимоски-претседател на Управниот одбор).

11. Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција" - Скопје во државна сопственост, за 2016 година (Ајрие Реџепи-член).

12. Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје во државна сопственост, за 2016 година (Пандорка Арсовска-Гацова-член).

13. Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје во државна сопственост, за 2016 година (Сања Костовска-член).

14. Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје во државна сопственост, за 2016 година (Даниела Димовска-член).

## Точка 9

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Советот за јавни набавки, за период 1.7.2016-31.12.2016 година (нов текст), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да му препорача на Советот за јавни набавки, во рок од три месеци до Владата да достави информација со предлози за намалување на висината на надоместоците за поднесување на барање и за дадено стручно мислење, како и за скратување на роковите за постапување по барањата.

## Точка 10

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи со Извештај на независниот ревизор, Годишниот извештај за работењето за периодот од 1.1.2016 до 31.12.2016 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост, Државна лотарија на Македонија и Ревизорски извештај, со предлог-одлуки, ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД Скопје, во државна сопственост, Државна лотарија на Македонија за периодот од 1.1.2016 до 31.12.2016 година,

- Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД Скопје, во државна сопственост, Државна лотарија на Македонија за периодот од 1.1.2016 до 31.12.2016 година

- Одлуката за одобрување на финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД Скопје, во државна сопственост, Државна лотарија на Македонија за периодот од 1.1.2016 до 31.12.2016 година и

- Одлуката за распоредување на добивката остварена во 2016 година по Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД Скопје, во државна сопственост, Државна лотарија на Македонија, во предложените текстови.

**Точка 11**

Владата го разгледа Извештајот за извршен инспекциски надзор над спроведување на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен и стопански риболов за период јануари - јуни 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 12**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Бирото за судски вештачења во 2016 година, како материјал за информирање, согласно член 43-к став 1 од Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/2010, 12/2014, 43/2014,104/2015, 148/2015 и 192/2015).

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од користење на СЦ „Борис Трајковски“ за организација на Европското првенство во кик бокс за кадети и јуниори, што треба да се одржи од 2 до 10 септември 2017 година во Скопје и барање определени фискални олеснувања за негово користење, ја усвои Информацијата и препорача на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, да овозможи приоритет на користење на VIP Арената и VIP Малата сала за одржување на Европското првенство во кик бокс за кадети и јуниори, без надомест, со оглед дека е обезбедено Решение од Министерството за правда за потврдување на јавниот интерес на настанот (согласно мислењето на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје).

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од користење на Спортски центар „Борис Трајковски“ за организација на Европското првенство во кошарка за кадетки до 16 години, што ќе се одржи од 17 до 26 август 2017 година во Скопје - Република Македонија и барање определени фискални олеснувања за негово користење, го усвои и препорача на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје да овозможи приоритет на користење на VIP Арената и VIP Малата сала со повластена цена за одржување на Европското првенство за кадетки до 16 години, за 1.000.000,00 денари (согласно мислењето на Друштвото Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје) и имајќи го предвид Решението на Министерството за правда со кое донацијата се потврдува како донација од јавен интерес во областа на спортот како јавна дејност.

Истовремено, поради направена техничка грешка Владата заклучи Министерството за правда да ја корегира датата на Решението со кое донацијата се потврдува како донација од јавен интерес во областа на спортот како јавна дејност.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог - статутарна одлука за дополнување на Статутот на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија и притоа заклучи:

1. Управниот одбор на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија најитно да подготви Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, преработена во насока да отпадне делот на крајот од член 1, кој гласи:

„Управниот одбор именува вршител на должност директор и вршител на должност заменик директор на Фондот по претходна препорака на Владата на Република Македонија."

2. Преработениот текст на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија да се разгледа на седница на Управниот одбор на Фондот и откако истата ќе се донесе од Управниот одбор, да се достави до Владата за добивање согласност на истата.

Истовремено, Владата заклучи по завршувањето на претстојниот изборен процес во Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, во делот на избор и именување на

директор/в.д. директор, во насока на целосно регулирање на ова прашање (пополнување на правната празнина).

**Точка 16**

Владата го разгледа Известувањето со предлог за начинот на декласификација на информациите и договорите за доделување на државна помош, склучени помеѓу Владата на Република Македонија и компаниите/странски инвеститори во Република Македонија и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, заклучи:

1. Да се декласифицираат информациите донесени од страна на Владата, кои се од јавен интерес и се однесуваат на информации и договори за доделување на државна помош склучени помеѓу Владата на Република Македонија и компаниите/странски инвеститори во Република Македонија.

2. Се задолжуваат директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија и директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, да ги декласифицираат информациите кои претходно биле класифицирани од нивната институција, а се однесуваат на информации и договори за доделување на државна помош.

3. Се задолжуваат стручните служби при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во рок од седум дена соодветно да ги информираат институциите во врска со државната помош, односно за информациите и договорите за доделување на државна помош кои претходно се класифицирани од страна на нивната институција.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог - решение за формирање на Комисија за менаџмент со Компензационите фондови, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за менаџмент со Компензационите фондови, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на Надлежен координатор за акредитација во системот на децентрализирано управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за програмскиот период 2007-2013 од Европската Унија за Република Македонија, со Предлог-решение, ја усвои и го донесе новиот текст на

Решението за назначување на Надлежен координатор за акредитација во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската Унија за Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важење на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела П.1.1 со намена хотелски комплекс Б5 КО Порој-вон г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела П.1.1 со намена хотелски комплекс Б5 КО Порој-вон г.р. Општина Тетово (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиски инфраструктурен објект 20 kV приклучен вод со траса од постоен далекувод - рудник „Сивец“ до новопланирана ТС 20/10/0,4kV КО Присад, Општина Прилеп, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиски инфраструктурен објект 20 kv приклучен вод со траса од постоен далекувод - рудник „Сивец“ до новопланирана ТС 20/10/0,4 kv КО Присад, Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за доградба на водоводна линија за водоснабдување на с. Саждево од постоечка приклучна шахта до постоечка линиска шахта бр.1 КО Борино и КО Јакреново, Општина Крушево, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за доградба на водоводна линија за водоснабдување на с. Саждево од постоечка приклучна шахта до постоечка линиска шахта бр.1 КО Борино и КО Јакреново, Општина Крушево во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за МХЕЦ Тополка со реф.бр.317 и придружни објекти КО Дреново, Општина Чашка, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за МХЕЦ Тополка со реф.бр.317 и придружни објекти КО Дреново, Општина Чашка, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на пристапен пат и телекомуникациски столб Тиквеш КО Брушани, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на пристапен пат и телекомуникациски столб Тиквеш КО Брушани, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на надземен 10(20)kV приклучен вод и бетонска столбна трафостаница БСТС 10(20)/0.4kV; 100kVA Петралица-Школо КО Петралица, Општина Ранковце, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на надземен 10(20)kV приклучен вод и бетонска столбна трафостаница БСТС 10(20)/0.4kV; 100kVA Петралица-Школо КО Петралица, Општина Ранковце, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструкура за изградба на нов надземен 10(20) kV вод и нова БСТС 10(20)/0.4 kV КО Градец, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно

земјиште за изработка на проект за инфраструкура за изградба на нов надземен 10(20) kV вод и нова БСТС 10(20)/0.4 kV КО Градец, Општина Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за 10 (20) KV кабелски приклучен вод за напојување на МХЕ 115 Бањани КО Бањани, Општина Чучер-Сандево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за 10 (20) KV кабелски приклучен вод за напојување на МХЕ 115 Бањани КО Бањани, Општина Чучер-Сандево, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиски 10(20)КВ електричен вод за МХЕЦ Станечка Река 2 КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиски 10(20)кв електричен вод за МХЕЦ Станечка Река 2 КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба на нов 10(20)kV кабелски вод од ТС Скочивир 10/0,4kV/kV до ТС Букри 35/10kV/kV КО Брод, Општина Новаци, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за нов 10(20)kV кабелски вод од ТС Скочивир 10/0,4kV/kV до ТС Букри 35/10kV/kV КО Брод, Општина Новаци, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Аурора Ресорт и Спа - Берово, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителските објекти и согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство дека се работи за конкретна управна постапка и не е потребно поединечно мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Попова Шапка - Тетово, со Предлог - решение и согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство дека се работи за конкретна управна постапка и не е потребно поединечно мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Агрополог - Желино, Тетово, со Предлог - решение и согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство дека се работи за конкретна управна постапка и не е потребно поединечно мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Концепт Хотел Централ - Скопје, со Предлог - решение и согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство дека се работи за конкретна управна постапка и не е потребно поединечно мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Концепт Хотел Централ, ул.„Васил Ѓорѓов“ бр.31, згр.Б-4-1/9 - Скопје, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Де Кока - Скопје, со Предлог - решение и согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство дека се работи за конкретна управна постапка и не е потребно поединечно мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Хотел Де Кока, со седиште на ул. „Битпазарска“ бр.18, Скопје), хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од Хотел Сити 5 - Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект и согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство дека се работи за конкретна управна постапка и не е потребно поединечно мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесени од Хотел ТТЦ Гранд Плаза - Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект и согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство дека се работи за конкретна управна постапка и не е потребно поединечно мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Оранге Инн - Скопје, со Предлог- решение и согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство дека се работи за конкретна управна постапка и не е потребно поединечно мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски

објект (Хотел Оранге Инн со седиште на ул.Тодор Паница бр.2 Скопје, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**<u>Точка 37</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Свети Наум - Охрид, со Предлог- решение и согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство дека се работи за конкретна управна постапка и не е потребно поединечно мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Хотел Свети Наум со седиште на ул. Свети Наум бр. 1 с. Љубаништа, Охрид, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**<u>Точка 38</u>**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2017 година (јуни - декември) и ја донесе Програмата, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија, да подготви и во рок од една недела до Генералниот секретаријат на Владата - сектор за стратегија, планирање и следење, да достави предлог-иницијатива за дополнување на Програмата со нов Закон за енергетска ефикасност, согласно Мислењето на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

2. Се задолжува Министерството за економија, да подготви и во рок од една недела до Генералниот секретаријат на Владата - сектор за стратегија, планирање и следење, да достави предлог-иницијатива за дополнување на Програмата со Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, со кој ќе предвиди можност за формирање на фирми со основачки капитал од едно евро.

3. Се задолжува Министерството за финансии, да подготви и во рок од една недела до Генералниот секретаријат на Владата - сектор за стратегија, планирање и следење, да достави предлог-иницијатива за дополнување на Програмата со Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси, со кој ќе предвиди намалување на комуналната такса за фирмите кои имаат помалку од пет вработени.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, да подготви и во рок од една недела до Генералниот секретаријат на Владата - сектор за стратегија, планирање и

следење, да достави предлог-иницијатива за дополнување на Програмата со Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, со кој ќе предвиди одреден процент зеленило во просторно урбанистичките планови.

5. Се задолжува Министерството за правда, да подготви и во рок од една недела до Генералниот секретаријат на Владата - сектор за стратегија, планирање и следење, да достави предлог-иницијатива за дополнување на Програмата со Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, за прашања од надлежност на општините.

## Точка 39

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за учеството на Република Македонија во Заедничката надворешна, безбедносна и одбранбена политика на Европската Унија, во периодот 1 јануари - 30 јуни 2017 година, со Преглед на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур, кон кои Република Македонија, на покана на Европската Унија или унилатерално, се има придружено (прилог 1 до прилог 5), ја усвои Информацијата и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија по усвојувањето на Информацијата, да ги објави Прегледите на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур, кон кои Република Македонија, на покана на Европската Унија или унилатерално, се има придружено (прилог 1 до прилог 5), во „Службен весник на Република Македонија“ во делот „Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои Република Македонија на покана од Европската Унија се придружила/прифатила.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување на мандатот на г-ѓа Зеррин Абаз за Генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во Република Турција, со седиште во Истанбул, со Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Да не се донесе Одлуката за продолжување на мандат за Генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Македонија во Република Турција, со седиште во Истанбул.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи веднаш да ја отпочне постапката за отповикување на г-ѓа Зеррин Абаз за Генерален конзул и шеф на

Генералниот конзулат на Република Македонија во Република Турција, со седиште во Истанбул.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на една пресуда на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Карајанов Република Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одржувањето на тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија, кој се одржа на 6 февруари 2017 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација најдоцна до 31 декември 2017 година, да достави информација на англиски јазик до Секретаријатот за европски прашања за бројот на вработени во јавните претпријатија, основани од Владата на Република Македонија.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ - Скопје, во учебната 2017/2018 година (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ - Скопје, во учебната 2017/2018 година, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за трговија и услуги „БАНАНА КИЦК“ ДОО експорт-импорт Тетово за деловната просторија на ул. „180“ бр.Кула 12/1/-7 во Тетово, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Астра Електроник Компани“ ДОО Скопје, во деловната просторија која се наоѓа во Населено место без уличен систем бр.место - викано Милци Богородица-Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „СЕНАТОР МАКЕДОНИЈА“ ДОО Скопје, за деловната просторија на Бул. „Јане Сандански“ бр.79а -лок.4/5 во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок на локалитетот „с. Моране“, Општина Петровец, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - керамичка глина на локалитетот „с. Уларци“, Општина Чешиново - Облешево, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Бегојца“ с. Стенче, Општина Брвеница, за наредната седница на Владата, со заклучок Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија (Сектор за правни работи) заедно со Министерство за економија да согледаат начин на кој да се постапува по предметот, а притоа да не се создаваат нови обврски за државата.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за градежништво, трговија и услуги Козјак АД Куманово на локалитетот „Краста“, Општина Куманово (нов текст), во предложениот текст.

### Точка 51

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - кварцен чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги СТЕНТОН увоз-извоз с.Д.Оризари Битола ДОО на локалитетот „с.Брод“, Општина Новаци, во предложениот текст.

### Точка 52

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - дијабаз на Друштвото за производство, трговија и услуги ИНВИКТА ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Лира“ во атарот на с.Негорци, Општина Гевгелија (нов текст), во предложениот текст.

### Точка 53

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - доломит на Друштвото за производство, градежништво, промет и услуги БЕРОВИЌ БЕТОН ДОО увоз-извоз с.Батинци на локалитетот „Маркова Сушица“, Општина Сопиште, во предложениот текст.

### Точка 54

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Видовиште-Припечани“, Општина Зрновци и Општина Чешиново-Облешево на Друштвото за производство, промет и услуги МЕХАНИЗАЦИЈА ДОО увоз-извоз с.Зрновци, Зрновци (нов текст), во предложениот текст.

### Точка 55

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - минерална вода на Друштвото за услуги, трговија и производство ВИЗИАНА ДООЕЛ, увоз - извоз с.Клечовце, Куманово на

локалитетот „Црквиште-Клинчевица“ кај с.Клечовце, Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - мермер на Друштвото за градежништво и трговија ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО Кавадарци на локалитетот „Јаребички камен“, Општина Кавадарци, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да ја достави комплетната документација до Министерството за финансии, кое потоа ќе даде мислење по материјалот.

**Точка 57**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државната изборна комисија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Граѓанската иницијатива за донесување на закон за изменување на Законот за работните односи, заедно со Предлогот на закон, на двеста четириесет и два граѓани, доставена преку овластен предлагач Снежана Кузмановска и заклучи претседателот на Владата на Република Македонија да ја достави Граѓанската иницијатива до Државната изборна комисија, согласно член 68 став 1 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Реублика Македонија број 81/2005 и 50/2006“).

**Точка 59**

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.83/2016 донесено на седницата одржана на 7 јуни 2017 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 102 став 1 алинеја 12 во делот „и 4“, член 103 став 1 алинеја 3 во делот „став 5“ и член 107 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2009, 24/2011, 53/2011, 25/2013, 79/2013, 147/2013, 43/2014, 160/2014, 33/2015, 44/2015, 147/2015 и 7/2016) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 102 став (1) точка 12 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2009, 24/2011, 25/2013, 79/2013, 147/2013, 43/2014, 160/2014, 33/2015, 44/2015, 147/2015, 7/2016 и 39/2016) се утврдува глоба во износ од 15

000 до 20 000 евра во денарска противвредност за прекршок што ќе му се изрече на правното лице доколку дозволи напасување и желадење во шума надвор од определените места. Ова одредба се повикува на членот 52 став (1) кој гласи „Забрането е напасување на добиток и желадење во шума“ и став (4) кој гласи „Субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми се должни во шумата во која е забрането напасување, да определат делови од шумата низ кои ќе биде дозволен премин на добитокот до местото за пасење, односно до поилата за вода“.

Со овие одредби од Законот за шумите законодавецот пропишал Субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми се должни во шумата во која е забрането напасување, да определат делови од шумата низ кои ќе биде дозволен премин на добитокот до местото за пасење, односно до поилата за вода.

Во фаза на изработка на Посебните планови за стопанисување со шумите, во насадите во шумскостопанските единици во кои е забранета испаша поради природната обнова на шумата и други одгледно-заштитни мерки по потреба се оставаат површини кои служат како премини кон пасиштата во шуми и високопланински пасишта, односно до поилата за вода. Правните субјекти кои стопанисуваат со шумите, а ги спроведуваат Посебните планови за стопанисување со шумите на сопствениците на ситен и крупен добиток можат да им обезбедат премин на добитокот за погоре наведената намена низ овие површини - премини, сезонски во пролет кога ги тераат стадата кон високопланинските пасишта и на есен кога ги враќаат или на дневно ниво наутро и навечер, но задолжително со придружба од сопствениците на стадата за да не се дозволи стадата односно добитокот да излезат од овие премини.

Одредбите од овој член се применуваат на сите шуми и шумско земјиште без оглед на сопственоста и намената.

Согласно член 103 став (1) точка 3 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2009, 24/2011, 25/2013, 79/2013, 147/2013, 43/2014, 160/2014, 33/2015, 44/2015, 147/2015, 7/2016 и 39/2016) се утврдува глоба во износ од 12 000 до 15 000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на правното лице доколку не определи дел од шума за премини на добиток.

По однос на овој член важи произнесувањето дадено за член 102, бидејќи суштински ништо не се менува, а во членот 52 став (4) е конкретен дека субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми се должни во шумата во која е забрането напасување, да определат делови од шумата низ кои ќе биде дозволен премин на добитокот до местото за пасење, односно до поилата за вода. По однос на

забелешката од членот 103 став 1 точка 3 е направена техничка грешка при печатење на измената и дополнувањето на Законот за шумите и повикувањето на член 52 став (5) треба да стои член 52 став (4).

Уставниот суд на Република Македонија врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/1992) на седницата одржана на 7 јули 2017 година, со Решение ја отфрла Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 107 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр.64/2009, 24/2011, 25/2013, 79/2013, 147/2013, 43/2014, 160/2014, 33/2015, 44/2015, 147/2015, 7/2016 и 39/2016).

**<u>Точка 60</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У. бр. 65/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на дел од одредба од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр.69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/2011, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 156/2015, 193/2015 и 53/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Наводите изнесени во Иницијативата за оценување на уставноста на делот „членот 8 став 3 на овој закон" од членот 23 од Законот за управната инспекција се неосновани.

Членот 23 од Законот за управната инспекција е завршна одредба од основниот текст на Законот со која е пропишана обврска за министерот за правда во рок од 30 дена да го донесе подзаконскиот акт со кој се пропишува образецот, формата и содржината на легитимацијата на инспектор, како и начинот на издавањето и нејзиното одземање (кој бил предвиден со членот 8 став (3) од основниот текст на Законот).

Со членот 45 од Законот за инспекциски надзор е уредено прашањето околу издавањето на службените легитимации за сите инспекциски служби. Од тие причини со член 2 од Законот за изменување на Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/2014) е избришан членот 8 кој ги уредуваше службените легитимации.

Со оглед на фактот што членот 23 од Законот за управната инспекција е завршна одредба, за која рокот за извршување е изминат, а која нема никаква правна сила во правниот промет, односно нема правно дејство, Иницијативата која е поднесена е беспредметна.

Имајќи го во предвид претходно наведеното Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на делот „членот 8, став 3 на овој закон" од членот 23 од Законот за управната инспекција е неоснована.

Поради ова Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива.

**<u>Точка 61</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Никола Источки од Ресен, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У. бр. 57/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 став 2 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2011, 148/2013, 41/2014, 130/2014 и 53/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Наводите изнесени во Иницијативата за оценување на уставноста на член 4 став (2) од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен се неосновани.

Со членот 4 став (2) од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, кој е предмет на оваа иницијатива е пропишано дека „предлог за разрешување на претседателот и член на Државната комисија може да поднесе и Владата на Република Македонија".

Подносителот на Иницијативата се повикува на членот 8 став 1 алинеи 3 и 4, член 68 став 1 алинеја 16 и член 51 од Уставот на Република Македонија. Членот 8 алинеја 3 и 4 од Уставот на Република Македонија како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија ги утврдуваат владеењето на правото и поделбата на власта на законодавна, извршна и судска.

Член 51 од Уставот пропишува дека во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот на Република Македонија, а сите други прописи со Уставот и со законите.

Секој е должен да го почитува Уставот и законите. Во членот 68, став 1 од Уставот се утврдени надлежностите на Собранието на Република Македонија, при што покрај другите надлежности, со алинејата 15 е пропишано дека врши избори, именувања и разрешувања и на други носители на јавни и други функции утврдени со Уставот и со закон.

При тоа подносителот на Иницијативата во образложението на истата презема дел од образложението на причините поради кои е основана комисијата, а кои се наведени во Предлог-законот за основање на Државната комисија.

Од анализата на оспорената законска одредба, како и од анализата на целокупниот систем на одлучување во управна постапка во втор степен може да се види дека членот 4 став (2) од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен воопшто не е во спротивност на принципот на поделба на власта на законодавна, извршна и судска, ниту пак со истиот на било кој начин се навлегува во надлежностите на Собранието на Република Македонија, па оттука истиот воопшто не е во спротивност ниту со начелото на поделба на власта, ниту со начелото на уставност и законитост.

Имено, согласно со членот 1 став (1) од Законот е пропишано дека Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (во натамошниот текст: Државната комисија) е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи. Државната комисија е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен од Комисијата за хартии од вредност.

Државната комисија е надлежна да одлучува и за прашања од областа на работните односи во втор степен (кои не се во надлежност на Агенцијата за администрација), за прашањата од областа на работните односи за државните службеници од Агенцијата за администрација, како и против решенијата на Министерството за внатрешни работи со кои се поништени решенијата за доделување на награди. Во постапката за решавање по жалби Државната комисија ќе ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено.

Надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи се утврдува со посебните закони. Од оваа законска одредба може да се заклучи дека надлежностите на Државната комисија се однесуваат пред се на одлучување во управна постапка, а комисијата постапува согласно Законот за општата управна постапка.

Со членот 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015 е пропишано дека со овој закон се уредува постапката за остварување на заштита на правата и правните интереси на физичките лица, правните лица и другите странки, како и заштита на јавниот интерес по која се

должни да постапуваат министерствата, органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје, кога во вршењето на своите законски надлежности, постапуваат, решаваат и преземаат други управни дејствија во управни работи.

Од ова може да се види дека со овој закон се уредува постапувањето на извршната власт, а не на законодавната или судската власт. При тоа согласно членот 88 од Уставот на Република Македонија, Владата на Република Македонија е носител на извршната власт.

Во членот 95 од Уставот пак е пропишано дека Државната управа ја сочинуваат министерства и други органи на управата и организации утврдени со закон. Се забранува политичко организирање и дејствување во органите на државната управа.

Организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Имајќи го во предвид наведените законски одредби, а при ценење на наводите во Иницијативата, мора да се има во предвид дека од работата на Државната комисија, зависи ефикасното и економично извршување на законите, односно остварувањето на правата и правните интереси на граѓаните.

Ова е одговорност на извршната, а не на законодавната власт, па оттука е сосема разбирлива законската одредба со која и се дава можност на Владата на Република Македонија да може да достави предлог за разрешување на претседател или член на Државната комисија, доколку е исполнет некој од условите утврдени во законот за разрешување пред истекот на мандатот, а кои се утврдени во ставот (1) од истиот член.

Имајќи го во предвид претходно Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 4 став (2) од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е неоснована.

Поради ова Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива.

**<u>Точка 62</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.56/2017 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 79-а од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015 и 30/2016) и притоа го утврди следново мислење:

Со член 34 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

Со член 35 став 1 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно начелото на социјална праведност.

Овие уставни определби се основа за уредување на системот и организацијата на социјалната заштита, правата од социјалната заштита, финансирањето и постапката на остварување на правата од социјалната заштита во Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015 и 30/2016).

Правото на еднократна парична помош или помош во натура се доделува на лице или семејство кои се нашле во положба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа. Под помош во натура, во смисла на овој закон, се подразбира обезбедување на облека, исхрана и други средства за кои центарот за социјална работа ќе утврди дека се неопходни за минимална егзистенција на граѓанинот и семејството. Правото од ставот 1 на овој член, по исклучок во несреќни случаи, акутна болест која бара болничко лекување и слично може да го користат и државјани на Република Македонија кои немаат постојано живеалиште, како и странци со привремен престој и регулиран влез во Република Македонија, согласно со закон. Во Буџетот на Републиката се обезбедуваат средства за доделување на еднократна помош во случаи на вонредно загрозување на населението од поголеми размери.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.116/2014), по членот 79 се додава нов член 79-а со кој правото на еднократна парична помош се определува за секој центар поодделно во зависност од вкупниот број на жители на подрачјето за кое е надлежен центарот, имено во зависност од вкупниот број на жители се определува износот на еднократната парична помош и на годишно ниво изнесува:

- до 10.000 жители, 300.000 денари годишно,
- од 10.001-20.000 жители, 360.000 денари годишно,
- од 20.001-30.000 жители, 420.000 денари годишно,
- од 30.001-40.000 жители, 480.000 денари годишно,
- од 40.001-50.000 жители, 540.000 денари годишно,
- од 50.001-60.000 жители, 600.000 денари годишно,
- од 60.001-70.000 жители, 660.000 денари годишно,
- од 70.001-80.000 жители, 720.000 денари годишно,
- од 80.001-90.000 жители, 780.000 денари годишно,
- од 90.001-100.000 жители, 840.000 денари годишно,
- над 100.001 жители, 900.000 денари годишно.

Износот на еднократна парична помош определен на годишно ниво од ставот 2 на овој член може да се зголеми со одлука на Владата на Република Македонија по предлог на министерот за труд и социјална политика. Во годишно определениот износ од ставот 2 не влегуваат еднократната парична помош за дете или младинец без родители и без родителска грижа, кој по наполнување на 18-годишна возраст ја напушта установата или згрижувачкото семејство, заради негово адаптирање во социјалната средина и за лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија. Имено, измената во Законот за социјалната заштита во овој дел е во функција на правилна распределба на финансиските средства по глава на жител по општини. Можноста за зголемување на определената висина на еднократна парична помош е дозволена бидејќи потребата од истата не може да се предвиди во потполност, не е врзана со материјален цензус, а може да ја оствари лице/семејство кое во одреден момент се наоѓа во положба на социјален ризик. Во итни и неодложни случаи министерот може да донесе решение за доделување еднократна парична помош, согласно член 80 став 1, став 7 и став 8 од Законот за социјалната заштита.

Имено, со член 7 став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.116/2014), се овозможува граѓаните да имаат право на социјална заштита согласно со закон и начелото на социјална праведност, при што се овозможува владеење на правото и не се ограничуваат слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015 и 30/2016) се заснова на темелните вредност од член 8 став 1 алинеја 9 од Уставот на Република Македонија, на начелата на хуманизам, социјална правда и солидарност. Имено, правата од социјалната заштита се димензионирани со цел обезбедување на

потребна помош и заштита за граѓаните кои се наоѓаат во положба од социјална потреба, за задоволување на нивните основни потреби и намалување или надминување на социјалниот ризик во кој се наоѓаат.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, се смета дека со член 7 став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.116/2014), не се нарушуваат одредбите од Уставот на Република Македонија, туку со законски уредената материја се обезбедува владеење на правото и правната држава, како и почитување на хуманизмот, социјалната правда и солидарноста во остварувањето на правото на социјална заштита. Од тие причини Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.56/2017 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 79-а од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015 и 30/2016).

## Точка 63

1. Владата го именува Јасин Халили за вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - П.О. Скопје.

2. Владата го именува Атула Ибраими за вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат“ - Скопје.

3. Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, ги именува:

- Фатмир Меџити од Министерство за здравство
- Верица Проковиќ од Министерство за финансии
- д-р Илија Глигоров од Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија
- Бистра Ангеловска од Фармацевтската комора на Македонија

4. Владата заклучи предлозите за именување на вршители на должноста членови на Управниот одбор на Фондот за здравственото осигурување на Македонија, од редот на Организацијата на потрошувачите, Сојузот на стопански комори на Македонија и Сојузот на синдикатите на Македонија, да се разгледаат на една од наредните седници на Владата.

**Точка 64**

**1.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за изменување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Македонија со писмо бр. 44-3125/1 од 9.8.2017 година.

Истовремено, Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собраниоето на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Арбен Таравари, министер за здравство и д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство, а за повереници Владимир Милошев, државен секретар во Министертвото за здравство и Ангелина Бачановиќ, раководител на сектор во Министерството за здравство.

**2.** Владата заклучи:

- се задолжуваат сите органи на државната управа, доколку за своето работење имаат добиено извештај од СИГМА, да овозможат истиот да биде достапен за јавноста, да не биде класифициран и да го објават на својата веб-страница.

**3.** Владата заклучи Министерството за финансии да подготви текст на Предлог-закон за игрите на среќа и за забавните игри, во насока на ограничување на издавање на лиценци за обложувалници, казина и автомат клубови и истиот да биде ставен на јавна расправа.

**4.** Владата по повод престојниот државен празник 8 Септември - Ден на Независноста, заклучи:

1) Владата на Република Македонија ќе ја преземе организацијата на централната прослава на 7.9.2017 година, целодневен настан на платото пред Владата, со почеток од 16:00 часот до 23:45 часот, вклучувајќи го и официјалното обраќање на претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

2) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Македонија, да ја преземе целокупната организација на централната прослава на празникот

(вклучувајќи детална агенда, визуелен идентитет на настанот, координација помеѓу сите вклучени страни, испраќање на покани, информирање на јавноста и слично).

3) Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да обезбедат логистичка поддршка и потребни финансиски средства кои произлегуваат од планот за организација на централната прослава на платото пред Владата.

4) Се задолжува Министерството за култура, да го договори и потврди учеството на сите планирани културно-уметнички и музички субјекти за централната прослава на празникот.

5) Се задолжува Министерството за култура, во соработка со Агенцијата за млади и спорт, координирано да го организираат свеченото доделување награди за животно дело и спортски достигнувања, кое се одржува во Собранието на Република Македонија, на 8.9.2017 година.

6) Се информираат членовите на Владата на Република Македонија дека Собранието на Република Македонија ќе организира свечена прослава на празникот на 7.9.2017 година, со почеток од 18:00 до 19:00 часот.

На оваа свеченост ќе се обрати претседателот на Собранието на Република Македонија, м-р Талат Џафери, проследено со коктел собир во свечената сала на Собранието.

7) Делегација на Владата предводена од: Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи и д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања да положи цвеќе пред вечните почивалишта на Киро Глигоров и Борис Трајковски, на 8.9.2017 година.

8) Делегација на Владата предводена од: Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции да положи цвеќе на Споменикот „Ослободители на Скопје“, на 8.9.2017 година.

9) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Македонија да го организира положувањето на цвеќе по точките 7 и 8.

10) Делегација на Владата предводена од: м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа да присуствува на настанот за посета на спомен куќата на Блаже Конески во с. Небрегово, на 7.9.2017 година од 10:00 до 14:00 часот.

11) Се препорачува на Македонската радио-телевизија да врши директен пренос на централната прослава на 7 септември 2017 година.

Истовремено, заменикот на претседателот на Владата и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска ги информираше членовите на Владата, дека на 8 септември како дел од празнувањето на Денот на независноста, Министерството одбрана со Канцеларијата на НАТО а во соработка со локалното планинарско друштво ќе организира едно планинарење во Крушево до врвот Мусица на Бушева Планина, со одреден број на амбасадори и воени аташеа и истовремено ги покани членовите на Владата да земат учество на овој настан.

5. Владата ја разгледа Информацијата за избор на модел за финансирање на проектот „Изработка на техничка документација на ниво на Инфраструктурен проект и Основен проект за автопатско решение за државен пат А4, делница Клучка Стенковец-Граничен премин Блаце", со сите потребни податоци од Физибилити студијата, во која е дефинирано дека моделот на финансирање ќе биде преку надворешно финансирање со кредит и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Се задолжува ЈП за државни патишта да ја подготви и да ја достави на мислење до Министерството за финансии Апликацијата за техничка помош за проектот „Изработка на техничка документација на ниво на Инфраструктурен проект и Основен проект за автопатско решение за државен пат А4, делница Клучка Стенковец-Граничен премин Блаце".

2) Се задолжува ЈП за државни патишта по добивање на позитивно мислење од Министерството за финансии да ја достави предметната апликација до Националниот ИПА координатор (НИПАК)/Секретаријатот за европски прашања.

3) Се задолжува Националниот ИПА координатор (НИПАК)/ Секретаријатот за европски прашања да ја поднесе Апликацијата за техничка помош за проектот „Изработка на техничка документација на ниво на Инфраструктурен проект и Основен проект за автопатско решение за државен пат А4, делница Клучка Стенковец-Граничен премин Блаце", во рамки на 18-от повик на Инструментот - Инвестициска рамка за Западен Балкан (ВБИФ), најдоцна до 4.9.2017 година.

4) Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта во соработка со Министерството за финансии да започне постапка за задолжување со Европската банка за обнова и развој за обезбедување на средства за реализација на Проектот за изградба на автопатска делница Скопје - Блаце.

**6.** По повод укажувањето на Самка Ибраимовски, министер без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија во врска со проблемите со кои се соочуваат граѓаните во однос на високите трошоци (издатоци) кои ги имаат со блокирање на сметките по основ на неплатени сметки (комунални услуги, вода, струја и др.) од страна на извршителите, адвокатите и нотарите, како и висината на каматите кои се пресметуваат и во голем дел го надминува основниот долг кој бил предмет на извршување, Владата го задолжи Самка Ибраимовски, министер без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија да подготви и за наредната седница на Владата да достави писмена информација со конкретни бројки и предлози за решавање на овој проблем.

**7.** Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски ги информираше членовите на Владата дека институциите при подготвувањето на платите на службениците (вработените) кај кои се исплаќаат средства стекнати со степен на кариера, а потоа се унапредени, не треба да го остваруваат правото и не треба да им се пресметува додаток на платата стекнат со кариера, т.е степенот на кариера започнува да го стекнува од почеток, согласно новото звање, имајќи ги предвид Законот за државни службеници и ставот на Министерството за информатичко општество и администрација.

Согласно тоа, доколку буџетските корисници при пресметката на плата не постапат согласно горенаведеното укажување, Министерството за финансии го задржува правото доставените документи за плата на институциите да ги врати на корекција и доработка.

Владата во однос на ова прашање заклучи Министерството за финансии за истото писмено да ги информира сите министерства и други засегнати институции.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 21.8.2017 до 28.8.2017 година (мигранти), и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

9. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за периодот од 21.8.2017 до 28.8.2017 година (пожари), и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите „Александар Велики“ - Скопје и „Св. Апостол Павле“ - Охрид, заклучно со јуни 2017 година на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија, го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со постапката за продолжување на периодот на важност на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Чардаковец“, Општина Ѓорче Петров и Општина Чучер Сандево, на Друштвото за градежништво, транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје, со Предлог-одлука.

**Точка 67**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, по скратена постапка, го утврди како Предлог-закон за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти кој се донесува по редовна постапка и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и м-р Ремзи Мехмеди, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереник Лилјана Поповиќ, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

Истовремено, Владата заклучи Секторот за односи со јавноста на Владата на Република Македонија да ја информира јавноста за целите и придобивките од утврдувањето на овој закон.

Исто така, текстот на Предлог-законот да биде објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија (ЕНЕР).

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од стандардизирана електронска идентификација и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерство за здравство - Управата за електронско здравство и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, во рок од седум дена да номинираат членови во работната група за стандардизирана електронска идентификација со цел да се направи проценка на моменталната состојба, потребите на институциите, која да даде предлог за можни решенија за стандардизирана електронска идентификација, базирани на добри европски практики.

**Точка 69**

Владата ја разгледа и усвои Анализата на структурата на портфолиото на јавниот долг и каматните трошоци кои се плаќаат во Република Македонија.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на програма за изменување на Програмата за развој на туризмот за 2017 година, со Предлог - програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за развој на туризмот за 2017 година, со заклучок:

- Министерството за економија да го усогласи текстот на Програмата, согласно одобрените буџетски средства предвидени за оваа намена со Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2017 година.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, со Предлог - програма, ја усвои Информацијата и донесе Програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, со заклучок мерката да се однесува на работници чии месечни примања во семејството не го надминуваат нето износот од 22.000,00 денари.

Истовремено, Владата заклучи во дел III од Програмата да се додаде нова алинеја 5 - изјава дека барателот морално, материјално и кривично одговара за внесените

податоци (личните податоци и финансиските средства) во изјавата, потпишана од барателот (без заверка од нотар).

**Точка 72**

Владата го разгледа Барањето на Алекс Симовски, за прием во државјанство, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по барањето.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за постапката за утврдување предлог за доделување титула национален уметник на Република Македонија за 2017 година, како материјал за информирање.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:50 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**